Stručni rad

**Благојка ЗДРАВКОВСКА-АДАМОВА (Тетово)**
Универзитет на Југоисточна Европа
b.zdravkovska@seeu.edu.mk

# ПРИКАЗ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ УЧЕБНИК *АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ И МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА* ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р СУАДА А. ЏОГОВИЌ

Академското пишување претставува начин на комуникација во академската средина преку кој авторите на строго дефиниран и аргументиран начин ги изложуваат своите научноистражувачки резултати и сознанија. За студентите ова пишување е клучно во образовниот процес бидејќи преку него треба да воспоставaт комуникација со академската средина. Меѓутоа, многубројните светски истражувања покажуваат дека пишувањето академски текстови е вештина којашто тие најтешко ја совладуваат, пред сè, имајќи предвид дека станува збор за неограничена материја која треба да биде усвоена.

Експертите во оваа област укажуваат и на фактот дека секој напишан академски текст го подобрува стилот на пишување. Во таа насока од клучно значење е на студентите да им се обезбедат солидни материјали во согласност со академските стандарди кои ќе им помогнат во усовршување на оваа способност, но и да се насочат кон глобалните барања за јасно и за ефективно пишување. На тој начин ќе се оспособат да воспоставaт добра комуникација со читателите и да го привлечат и да го задржат нивното внимание. Притоа ќе се осигури клучниот императив во сите сфери на професионалното живеење, а тоа е високопрофесионален академски стил на изразување преку кој ќе се постигне усогласување на мислите со изразот преку текстот, и тоа не само на студентите, туку и на сите оние кои се вклучени во општественото живеење.

Како предавач кој долги години се соочува со сериозни проблеми во однос на пренесувањето знаења за пишување академски текстови, но и во однос на мотивацијата на студентите да го прават тоа, со огромен ентузијазам прифатив да го направам овој приказ на трудот **Академско пишување и методологија на научноистражувачката работа** од авторката проф. д-р Суада Џоговиќ.

Станува збор за обемно истражување претставено на 400 страници. Она што фасцинира уште од првите страници е начинот на структурирање на трудот, претставен во содржината на почетокот на книгата. Имајќи ја предвид комплексноста на проблематиката во однос на методологијата на научноистражувачката работа, преку исклучително сериозен пристап, во овој универзитетски учебник се опфатени и прецизно и јасно се елаборирани сите аспекти на создавањето кохерентен академски текст во одделни 17 дела.

Во првиот дел, ДА ЗБОРУВАШ – ДА ПИШУВАШ = ДА МИСЛИШ, авторката се задржува на говорот и на пишувањето како најважни средства и форми на комуникација и меѓусебно разбирање.

Следниот дел е насловен АКАДЕМСКОТО ПИШУВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА НАУКАТА. Во него авторката се задржува на видовите академско пишување, почнувајќи од семинарската работа која претставува прв академски труд за студентите, а завршува со докторската дисертација како највисок облик на академско истражување. Од исклучителна важност е и тоа што таа ги опфаќа и другите форми на академско пишување како есеј, академски реферат и биографија на авторот.

РЕЛЕВАНТНИТЕ ОБЕЛЕЖЈА/КЛУЧНИТЕ ОБЕЛЕЖЈА НА АКАДЕМСКИТЕ ТРУДОВИ е насловот на третиот дел. Во него д-р Џоговиќ на едноставен начин, но преку високопрофесионален стил ги претставува круцијалните компоненти на академските трудови при што импресионира леснотијата на изложување на информациите.

Четвртиот дел е именуван МЕТОДИ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА. Во овој дел  се опфатени одделни методи преку кои се доаѓа до клучните податоци во академските трудови. Секако дека примената на различни методи во проучувањето води до релевантни сознанија кои даваат тежина на трудовите.

Во еден од најобемните делови, ЦИТИРАЊЕ И РЕФЕРЕНЦИРАЊЕ, авторката ги претставува и ги објаснува различните начини на наведување на користените извори при создавањето на академскиот труд.

Во АКАДЕМСКА КРЕАТИВНОСТ И ОРТОГРАФСКА КОРЕКТНОСТ се вклучени следниве наслови: Обликување на ракописот, Јазик и стил и Правописни, јазични и терминолошки совети.

Особена важност во академскиот изразување е евалуацијата на којашто авторката се задржува во НАУЧНИТЕ ТРУДОВИ И НИВНОТО ОЦЕНУВАЊЕ. Таа започнува со трите етапи на науката, опфаќајќи ги притоа и нејзините различните видови. Д-р Џоговиќ ги категоризира научните трудови во: оригинален научен труд, прегледен труд, стручен труд, претходно соопштување, научна критика (рецензија) и приказ на

книга, но се задржува и на другите научностручни дела и трудови како: монографија, научна студија, учебник, енциклопедија, лексикон, практикум итн.

Голема важност во презентацијата на академското истражување има и скратувањето на зборовите што одделно е презентирано во осмиот дел СКРАТУВАЊЕТО ВО АКАДЕМСКОТО ПИШУВАЊЕ.

Деветтиот дел е насловен ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА. Во него, меѓу другото, авторката се задржува на современите комуникациски видови, комуникациските стилови и на комуникациските конструкции, а делот завршува со знаци и симболи во функција науката и на комуникацијата.

Од исклучителна важност претставува десеттиот дел каде што д-р Џоговиќ ги изложува своите сознанија во однос на КОМУНИКАЦИСКИ И ПРЕЗЕНТАЦИСКИ ВЕШТИНИ. Ваквите способности, од една страна, исклучително се важни за академската работа, а, од друга страна, се занемаруваат во теоретските материјали кои ја обработуваат оваа проблематика. Притоа, релевантноста на сознанијата може значајно да се намали поради несоодветен и невешт начин на нивно изложување и презентирање.

Молбата, препораката и полномошното кои се посебни строго структурирани форми на изразување се опфатени во единаесеттиот дел АДМИНИСТРАТИВНИ ОБЛИЦИ НА ПИШУВАЊЕ.

Највисоката научна институција во една земја, како и основниот концепт на нејзината организација се претставени во дванаесеттиот дел насловен АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ. Откако ќе ја дефинира суштината од постоењето на оваа врвна установа, д-р Џоговиќ се задржува со начинот на нејзината организација.

Од тринаесеттиот до шеснаесеттиот дел претставуваат апендикси. АПЕНДИКС I се однесува на пишување референци кога недостигаат сите информации. Шематски прикази на молба, препорака и на полномошно се дадени во АПЕНДИКС II. Во следниот, АПЕНДИКС III, има пример на апстракт на босански и на англиски јазик. Во последниот, АПЕНДИКС IV, авторката наведува особено интересни латински изреки кои се поврзани со учењето.

Последниот, седумнаесеттиот дел, претставува ПОИМНИК НА АКАДЕМСКОТО ПИШУВАЊЕ, а по него се дадени БИБЛИОГРАФИЈА, ИНДЕКС НА ПОИМИ.

Јасни одлики на овој учебник се современата проблематика која се обработува, широкиот дијапазон на сознанија на авторката, проф. д-р Џоговиќ, и нејзиниот суптилен и едноставен начин на изложување на

податоците. Во тој контекст, со сигурност може да се каже дека станува збор за импресивен труд кој ќе биде од исклучителна корист и за оние кои учат за академското изразување, но и за оние кои треба да предаваат за тоа. Мое мислење е дека ваква квалитетна книга треба да биде преведена и нејзините вредности да бидат споделени со поширока читателска публика.

Приказов ќе го завршам со една латинска поговорка којашто ја прочитав во овој универзитетски учебник, а која соодветствува на она што го нуди оваа книга, а тоа се долгорочни знаења применливи во животот. *Non scholae, sed vitae discimus* (Не учиме за школо туку за живот).